**20161673707**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 август 2016 година.

Бр. 08-3696/1
29 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Член 1

Во Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), во член 11 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во случај на постоење на кризна состојба одобрените средства во постојната буџетска резерва може да се зголемат со прераспределба на средства само меѓу министерствата и другите органи на државната управа, за што одлучува Владата на Република Македонија, но намалувањето може да биде најмногу до 5% од постојните буџетски средства на министерствата и другите органи на државната управа и притоа да не се наруши нивното редовно функционирање и вршење на утврдените законски надлежности.".

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 2

Во членот 33 став 7 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случај утврден во член 11 став (3) од овој закон.".

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за буџетите.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".